03.02.2023
К.Велкоска
Таваш.

Baranje za informacii za portalot OhridNews

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

Примено/E pranua 03.02.2023			
Орг. Един. Njësia.Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
03	191/1		

From: N

To: zi

Date: Friday, January 27, 2023 at 11:26 AM GMT+1

Почитувани,

За потребите на порталот OhridNews, би сакале да ни одговорите на следниве прашања:
1. Со оглед на состојбата во која се наоѓа кровот над ранохристијанската базилика на локалитетот Плаошник, дали се планира во скоро време да се преземат мерки за санација?
2. Меѓу објектите каде треба да се интервенира е и Спомен куќата на Григор Прличев. Дали се планираат и какви активности?
3. Во 2022 година беа спроведени санирачки активности врз објектите Спомен куќа на Христо Узунов и музеј Ќука на Робевци. Што е предвидено во оваа насока за годинава и за другите објекти со оглед на потребата од тековно одржување на истите?

Со почит,
OhridNews

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
е-маил: muohrid@yahoo.com, жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 13-191/2
06.02.2023
Охрид/Ohër

До

ПРЕДМЕТ: Доставување на информации за порталот OhridNews
ВЕСКА: Барање за информации за порталот OhridNews бр.03-191/1 од 03.02.2023 година

До НУ Завод и Музеј – Охрид по електронски пат е испратено Барање за информации за порталот OhridNews на 27.01.2023 година (наш бр. 03-191/1 од 03.02.2023 година). НУ Завод и Музеј – Охрид го разгледа доставеното барање и ги доставува следните информации:

1. Со оглед на состојбата во која се наоѓа кровот над ранохристијанската базилика на локалитетот Плаошник, дали се планира во скоро време да се преземат мерки за санација?

1. Во тек се преговори за отпочнување со санација на кровот од ранохристијанската базилика на Плаошник. Се надеваме после подобрувањето на временските услови дека ќе пристапиме кон реализација на горенаведеното. Поправката на кровот ќе се изведува со финансиски средства од сметката за самофинанасирачки активности на НУ Завод иМузеј – Охрид.

2. Меѓу објектите каде треба да се интервенира е и Спомен куќата на Григор Прличев. Дали се планираат и какви активности?
2. На кровот од Куќата на Григор Прличев беа оштетени дел од окапниците од кровот на објектот. Како последица на оштетените окапници на еден дел од кровот се појави прокиснување во самиот објект. Од прокиснувањето беа оштетени дел од ѕидовите на кои беше констатирана влага и појава на муфла. НУ Завод и Музеј – Охрид ги констатира горенаведените оштетувања и ги превзеде следните активности:
   - Изврши поправка на лимените окапници заради кои дојде до прокиснување на еден дел од кровот и оштетување на внатрешните ѕидови и појава на влага и муфла.

- Се изврши отстранување на оштетената глет маса на ѕидовите каде што беше појавена влага и муфла.
- По извршеното чистење на ѕидовите истите беа премачкани со врска у, беше поставен еден слој лепак над кој беше поставена нова глет маса.
- Завршно ѕидовите беа премачкани со поликолор во бела боја во два слоја.
- После завршувањето на градежните активности објектот беше комплетно исчистен и спремен за одржувањето на Прличевите Беседи.

Со изведувањето на горенаведените активности се изврши санација на оштетените делови од објектот и се спречи неговото понатамошно оштетување. При тоа беа ангажирани дел од вработените на НУ Завод и Музеј – Охрид и едно надворешно лице. Интервенциите беа финансирани од сметката за самофинансирачки активности на НУ Завод и Музеј – Охрид.

бр

3. Во 2022 година беа спроведени санирачки активности брз објектите Спомен куќа на Христо Узунов и музеј Куќа на Робевци. Што е предвидено во оваа насока за годинава и за другите објекти со оглед на потребата од тековно одржување на истите?

3. Во 2022 година беше извршено тековно одржување врз Спомен Куќата на Христо Узунов и музејот Куќата на Робевци. Притоа беа реализирани следните активности:

- **Куќа на Робевци**

- *кров*
- При ревизија на кровниот покривач на објектот беа констатирани оштетувањата, отстранети се оштетените капаци и ќерамиди, извршено е прередување на дел од неоштетените ќерамиди, и поставени се нови капаци и ќерамиди во продолжен малтер. Заради протекување на голема количина атмосверска вода во внатрешноста на објектот на постојните оџаци се поставени лимени фиксни капаци.

- *Ширван*
- Се изврши крпење и коење на оштетените делови од јужните прозори. Лабавите стакла се фиксирани со силикон, а прозорите од надворешната страна се шмирглани и боени во две (и по потреба и повеќе раце) заштитна боја за дрво.
- Поради големите оштетувања и слегнување на прозорските крила јужните прозори се фиксирани и дополнително обработени со силикон. Вентилирање на просторот ќе се обезбеди преку бочните прозори.
- Прозорските опшиви(за кои претходно беше предвидена демонтажа , обработка и фиксирање) заради големи оштетувања и неможност за демонтажа се обработени и зацврстени на лице место.(со пур-пена,

силикон или коење). По претходна санација на оштетувањата,и по можност нивно зацврстување и коење надворешните опшиви се боени во две раце заштитна боја за дрво.

Иизвршена е ревизија и обработка на лимените окапници со силикон на споевите.

- Отстраниети се подклобучени и оштетени малтери од под и над прозорските отвори (настанати заради протекување на атмосвоерска вода) површините се обработени (со лепак на цементна основа), и боени со поликолор во бела боја.
- *II Кат*
- Се изврши крпење и коење на оштетените делови од јужните прозори. Лабавите стакла се фиксирани со силикон, а прозорите од надворешната страна се шмирглани и боени во две раце заштитна боја за дрво.
- Прозорските опшиви се обработени и зацврстени на лице место.(со пур-пена, силикон или коење). По претходна санација на оштетувањата,и по можност нивно зацврстување и коење надворешните опшиви се боени во две раце заштитна боја за дрво.
- Иршена е ревизија и обработка на лимените окапници со силикон на споевите.
- Отстраниети се подклобучени и оштетени малтери од под и над прозорските отвори и огништа (настанати заради протекување на атмосвоерска вода), површините се обработени (со лепак на цементна основа), и боени со поликолор во бела боја.
- * Заради ограничен пристап не е интревенирано на три прозори (позиција - златна соба)
- *I Кат*
- Демонтажа на заштитни метални решетки (бр.2) шмирглање и фарбање. Останатите две решетки се исфарбани на лице место заради неможност од демонтажа
- Се изврши крпење и коење на оштетените делови од јужните прозори. Лабавите стакла се фиксирани со силикон, а прозорите од надворешната страна се шмирглани и боени во две раце заштитна боја за дрво.
- Прозорските опшиви се обработени и зацврстени на лице место.(со пур-пена, силикон или коење). По претходна санација на оштетувањата,и по можност нивно зацврстување и коење надворешните опшиви се боени во две раце заштитна боја за дрво. На позициите каде што постојат фиксните метални решетки, работите се изведени делумно заради ограничен пристап.
- Извршена е ревизија и обработка на лимените окапници со силикон на споевите.
- *приземје*
- Одстранета е оштетената глет маса од постаментите за камена пластика
- Обработени се општетувањата на парапетниот ѕид зад постаментите со лепак и фарбани во бела акрилна боја.
- Дрвениот патос кај билетарата е обработен со густ заштитен слој на кафена боја за дрво во две раце.
- **Спомен куќа на Христо Узунов**
- *II Кат*
- Се изврши крпење и коење на оштетените делови од **јужните прозори**. Лабавите стакла се фиксирани со силикон, а прозорите од надворешната страна се шмирглани, оштетувањата се обработени со кит и боени во две раце заштитна боја за дрво.
- **Прозорските опшиви** се обработени и зацврстени на лице место.(со пур-пена, силикон или коење). По претходната санација на оштетувањата,

нивно зацврстување и коење надворешните опшиви се боени во две раце заштитна боја за дрво.

- Извршена е ревизија на **дрвените первази** од прозорците. Дел кој беа многу оштетени се заменети со нови, а останатите санирани со кит, шмирглани и фарбани со заштитна боја за дрво.
- Извршена е санација на **сидните опшиви**, лабавите делови се прицврстени, оштетувањата се санирани со кит и фарбани се во две раце заштитна боја за дрво.
- *I Кат*
- Се изврши крпење и коење на оштетените делови од **јужните прозори**. Лабавите стакла се фиксирани со силикон, а прозорите од надворешната страна се шмирглани, оштетувањата се обработени со кит и боени во две раце заштитна боја за дрво.
- **Прозорските опшиви** се обработени и зацврстени на лице место.(со пур-пена, силикон или коење). По претходната санација на оштетувањата, нивно зацврстување и коење надворешните опшиви се боени во две раце заштитна боја за дрво.
- Извршена е ревизија на **дрвените первази** од прозорците. Дел кој беа многу оштетени се заменети со нови, а останатите санирани со кит, шмирглани и фарбани со заштитна боја за дрво.
- Извршена е санација на **сидните опшиви**, лабавите делови се прицврстени, оштетувањата се санирани со кит и фарбани се во две раце заштитна боја за дрво.

Се надеваме дека и за 2023 година Министерството за култура ќе одобри финанасиски средства за тековно одржување на објектите. Со оглед на тоа што се уште резултатите од конкурсот за 2023 година не се објавени, не сме во можност да ви дадеме точни податоци на кои објекти ќе се работи. Податоците ќе ги добиете кога ќе бидат објавени резултатите од конкурсот и висината на финанасиски средства кои би ги добиле за 2023 година.

Со почит,

Одговорно лице:

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

в.д. Директор,

Катерина Велкоска